# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО


| Број 15 | Год. XVIII | 10 декември 2015 г. | примерокот е бесплатен |
|---|---|---|---|

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk


Содржина: 34-та седница

**Совет на општина Василево**


1. **ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на Извештајот на Општинската изборна комисија, Василево за преземените работи согласн член 155 од Изборниот законик...03
2. **ЗАКЛУЧОК** за престанок на мандат на член на Совет ...03
3. **ЗАКЛУЧОК** за верификација на мандат на член на Совет...04
4. **ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на дадената и потпишаната свечена изјава на член на Советот на општина Василево...04
5. **РЕШЕНИЕ** за разрешување и избор на претседател на Советот на општина Василево...05
6. **ГОДИШНА ПРОГРАМА** за работа на Советот на општина Василево во 2016 година...05
7. **ОДЛУКА** за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево...09
8. **ЗАКЛУЧОК** за неодобрување на финансиски средства за Здружението “Басмак” од Василево..10
9. **ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на Програмата на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Василево...10
10. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на Стојан Јованов од с. Градошорци...11

**Градоначалник на општина Василево**

11. **РЕШЕНИЕ** бр. 20/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................11

12. **РЕШЕНИЕ** бр. 21/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................12

13. **РЕШЕНИЕ** бр. 22/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................13

14. **РЕШЕНИЕ** бр. 23/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................13

15. **РЕШЕНИЕ** бр. 24/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................14

16. **РЕШЕНИЕ** бр. 25/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................15

17. **РЕШЕНИЕ** бр. 26/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................15

18. **РЕШЕНИЕ** бр. 27/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................16

19. **РЕШЕНИЕ** бр. 28/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................17

20. **РЕШЕНИЕ** бр. 29/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................17

21. **РЕШЕНИЕ** бр. 30/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................18

22. **РЕШЕНИЕ** бр. 31/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................31

23. **РЕШЕНИЕ** бр. 32/2015 година за потреба од јавна набавка............................................................19

24. **РЕШЕНИЕ** за поништување на постапка за доделување на договор бр. 18/2015година..............20

25. **РЕШЕНИЕ** за поништување на постапка за доделување на договор бр. 25/2015година..............21

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Извештајот на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик,што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година

Бр.09–3927/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------------

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) член 20 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница одржана на ден 07.12.2015 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
за прифаќање на Извештајот на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик

Член 1
Со овој Заклучок се прифаќа Извештајот на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик.

Член 2
Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Василево"

Бр.08-3927/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за престанок на мандатот на член на Советот на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2015 година

Бр.09–3928/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

Врз основа на член 155 од Изборниот законик (“Сл. весник на РМ“ бр.32/2014) член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ“. бр. 5/02), член 21 од Статутот на општина Василево (“Сл.гласник на општина Василево “ бр. /03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на седницата одржана на ден 07.12.2015 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
За престанок на мандат на член на Совет

1. На Дајанчо Ефтимов му престанува мандатот член во Советот на општина Василево.

2. Мандатот член на Совет му престанува од 07.12.2015 год.

Бр.08-3928/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за Верификација на мандат на член на Советот на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година

Бр.09–3929/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---

Врз основа на член 155 од Изборниот законик ("Сл. весник на РМ" бр.32/2014) член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ". бр. 5/02), член 21 од Статутот на општина Василево („Сл.гласник на општина Василево „ бр. /03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на седницата одржана на ден 07.12.2015 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

За верификација на мандат на член на Совет

1. Се верификува мандатот на членот на Советот на општина Катерина Филева Петревска.

2. Мандатот на именованiot ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот.

Бр.08-3929/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на дадената и потпишаната свечена изјава на член на Советот на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2015 година

Бр.09–3930/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) член 20 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница одржана на ден 07.12.2015 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

за прифаќање на дадената и потпишаната свечена изјава на член на Советот на општина Василево

Член 1

Со овој Заклучок се прифаќа дадената и потпишана свечена изјава на член на Советот на општина Василево Катерина Филева Петревска.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Василево"

Бр.08-3930/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Решението за разрешување и избор на претседател на Советот на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година

Бр.09–3931/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---

Врз основа на член 46 и член 47 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) член 21 точка 37 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница одржана на ден 07.12.2015 година го донесе следниот

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на претседател на Советот на општина Василево

Член 1

Се разрешува претседателот на Советот на општина Василево Дајанчо Ефтимов поради неспојливост со функцијата член на совето .

Член 2

За претседател на Советот на општина Василево се избира Драги Митев , член на Советот на општина Василево.

Член 3

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Василево"

Бр.08-3931/1 Совет на општина Василево
09.12..2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за работа на Советот на општина Василево за 2015 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

Бр.09–3932/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 21 точка 3 од Статутот на општина Василево (“Службен гласник на ОВ”бр.04/03, 08/06 и 09/10 ) и член 131 став 2 од Деловникот на Советот на општина Василево (“Службен гласник на ОВ” бр.1/07), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 07.12.2015 година ја донесе следната:

**Годишна програма**
за работа на Советот на општина Василево во 2016 година

Вовед

Советот на општина Василево Годишната програма за работа ја донесува врз основа на законите кои се ставени во надлежност на Советите на единиците на локалните самоуправи, Стратешките цели за развој на општина Василево како и врз основа на Стратешкиот план за развој на струмичкиот микро регион кој план беше донесен минатата година.

Во Годишната програма се внесени предлози кои се дадени од страна на членовите на комисијата за изработка на оваа предлог-програма, Градоначалникот на општината, општинската администрација, јавното претпријатие и јавната установа кои се основани од страна на општината. Во

Годишната програма за работа на Советот на општина Василево можат да бидат внесени и предлози дадени од страна на месните заедници, здруженија на граѓани како и од страна на заинтересирани субјекти.

Во Годишната програмата за работа на Советот на општина Василево се наведени називите на одлуките и другите општи акти и прашања и теми што ќе ги разгледува Советот на своите седници, субјектите кои се задолжени за нивно изготвување, предлагачот на актите и другите документи како и роковите кога тие документи треба да се разгледат или донесат.

Оваа Годишната програма е поделна на два дела односно на истата ќе се извршува во две полугодија од тековната година. Првиот дел ги опфаќа месеците од јануари до јуни, додека вториот дел ги опфаќа месеците од јули до декември 2016 година.

**Прво полугодие**

**Јануари - Јуни**

- Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2015 година.

  Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2015 година.

Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево

3.**IV** Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

- Извештај за реализација на Програмата за проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2015 година.

  Носител на извештајот: Градоначалник на Општина Василево.
- Извештај за реализација на проекти за изградба на локалните водоводи и системи за канализација во 2015 година.

Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево.

- Информација за состојбата на шумите на територијата на општина Василево

  Носител на информацијата: подрачното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство во Струмица.
- Разгледување на соработката на општина Василево со НВО-ии на подрачјето на општина Василево.

  Носител на информацијата: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај од Ветеринарна станица Струмица за опфатеноста од заразни заболувања на животните на подрачјето на општина Василево.

  Носител на извештајот: Ветеринарна станица .
- Информација за можноста за користење кредит на земјоделците при вршењето на земјоделската дејност и начинот на регистрирање за земјоделец.

Носител на информацијата: подрачното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство во Струмица.

- Извештај на територијалната противпожарна единица - Струмица од настанатите пожари на територијата на општина Василево во 2015 година.

Носител на извештајот: ТПЕ - при општина Струмица.

- Извештај за исправноста на водата за пиење од водоводите од населените места на општина Василево.

  Носител на извештајот: Заводот за здравствена заштита - Струмица.

- Тромесечен извештај за работата на ОУ “Гоце Делчев” Василево.

  Предлагач: ОУ „ Гоце Делчев „ Василево.
- Завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2015 година.

  Предлагач: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај по завршната сметка на Буџетот на општина Василево за 2015 година.

  Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево.
- **I** Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2016 година.

  Предлагач: Градоначалник на општина Василево
- Годишна сметка и Извештај за работата на ЈП "Турија" - Василево во 2015 година.

  Предлагач: ЈП "Турија" Василево.

- Програма за работа на ЈП "Турија" Василево во 2016 година.
  Предлагач: ЈП "Турија"- Василево;
- Информација за состојбите и актуелните прашања во искористувањето на хидро - мелиоративните системи во општина Василево.
  Носител на информацијата: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ - Струмица и ВП Струмички Слив.
- Информација за состојбата на безбедноста на сообраќајот во општина Василево во првата половина на 2016 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.
- Информација за состојбата на јавниот ред и мир во општина Василево во првата половина на 2016 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.
- Информација за опфатеноста на населението и просторните услови за здравствена заштита во општина Василево.
  Носител на информацијата: Медицински центар - Струмица.
- Информација за состојбата на пороите и коритата на реките со програма за одржување.
  Носител на информацијата: ВП " Струмички Слив" Струмица.
- Извештај од работата на Инспекторот Советник за сообраќај и патишта во првата половина на 2016 година.
  Носител на извештајот: Инспектор - Советник за сообраќај и патишта.
- Извештај од работата на Советникот - даночен инспектор во првата половина на 2016 година.
  Носител на извештајот: Советник-даночен инспектор.
- Извештај од работата на Советникот урбанистички-градежен инспектор во првата половина на 2016 година.
  Носител на извештајот: Советник урбанистички-градежен инспектор.
- Извештај од работата на Советникот - просветен инспектор во првата половина на 2016 година.
  Носител на извештајот: Советник - просветен инспектор.

24.Годишен Извештај за работата на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

Носител: Раководител на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

25. Годишен Извештај за работата на одделението за

Носител:Раководител на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

26.Информација за структурата, влијанието и меѓусебната соработка на верските заедници во општина Василево. Носител на информацијата: Комисија за оптштествени дејности

27.Извештај за работата на комуналниот инспектор на општина Василево во првата половина во 2016 година.

Носител на извештајот: Комунален инспектор

28.Годишен извештај од работата на ОУ "Гоце Делчев" Василево.

Носител на извештајот: ОУ "Гоце Делчев" Василево.

**29.II.**Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2016 година.

Предлагач:Градоначалник на општина Василево.

30.Полугодишен Извештај за работата на Градоначалникот во првото полугодие од 2016 година.

**Второ полугодие**

**Јули - Декември**

31.Информација за состојбата со екологијата на територијата на општина Василево.

Носители на информацијата: Министерство за заштита на животната средина - ПЕ - Струмица и Еколошки друштва.

32Информација за користење и одржување на регионалната депонија во Доброшинци.

Носител на информацијата: ЈП "Комуналец" Струмица.

33Информација за узурпирано земјиште на подрачјето на општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за финансии - Одделение за имотно правни работи - Струмица.

34Информација за состојбата со шумите, пошумувањето и настанатите штети од пожарите на територијата на општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ - Струмица и МВР Струмица.

35Информација за опфатеноста на домашните животни со ветеринарна заштита.

Носител на информацијата: Ветеринарна станица .

**36.III** Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2016 година.

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

37.Информација за просторните и другите услови за работа и успехот во основното образование во општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за образование и физичка култура и ОУ "Гоце Делчев" - Василево.

- Програма за работа на ОУ „ Гоце Делчев„ Василево за учебната 2016/2017.

Предлагач: ОУ „Гоце Делчев“ Василево.

- Информација за состојбата со јавна чистота со Програма за јавна чистота.

Носител на информацијата: ЈП "Турија" Василево.

- Нацрт - урбанистички планови за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

- Извештај за работа на комуналниот инспектор на општина Василево во втората половина на 2016 година.

Носител на извештајот: Комунален инспектор.

- Информација за состојбата на безбедноста на сообраќајот во општина Василево во втората половина на 2016 година.

Носител на информацијата: МВР Струмица.

- Тромесечен извештај за работата на ОУ “Гоце Делчев” Василево за учебната 2016/2017 година.

Носител на извештајот: ОУ “Гоце Делчев” Василево

- Информација за состојбата на јавниот ред и мир во општина Василево во втората половина на 2016 година.

Носител на информацијата: МВР Струмица.

- Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на Општина Василево

- Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште во 2017 година.

Предлагач:Градоначалник на Општина Василево.

- Предлог-Програма за проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2017година.

Предлагач: Градоначалник на Општина Василево.

- Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и системи за канализација во 2017 година.

Предлагач: Градоначалник.

- Програма за спортски активности во Општина Василево во 2017 год.

Предлагач: Градоначалник и Комисија за општествена дејност.

- Предлог - Буџет на општина Василево за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

- Извештај за работата на Советот на општина Василево во текот на 2016 година.
- Извештај од работата на Инспекторот-Советник за сообраќај и патишта во втората половина на 2016 година.

Носител на извештајот: Инспектор Советник за сообраќај и патишта.

- Извештај од работата на Советникот урбанистички-градежен инспектор во втората половина на 2016 година.

Носител на извештајот: Советник урбанистички-градежен инспектор

- Извештај од работата на Совеникот - даночен инспектор во втората половина на 2016 година.

Носител на извештајот: Советник-даночен инспектор.

- Извештај од работата на Советникот - инспектор за просвета во втората половина на 2016 година.

Носител на извештајот:Советник-просветен инспектор.

- Извештај од наплатата на даноците на имот и комуналната такса во општина Василево.

Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево и заедничкото одделение за администрирање на даноци и такси и други надоместоци.

- Предлог-Годишна програма за обука на државните службеници за 2017 година на општинската администрација на општина Василево.

Предлагач: Градоначалникот на општина Василево.

- Предлог - Годишна Програма за работа на Советот на општина Василево во 2017 година.

Предлагач: Комисија за изготвување Предлог - Годишна програма за работа на Советот на општина Василево.

59.Пологодишен Извештај за работата на Градоначалникот во второто полугодие од 2016 година

Бр.08-3932/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година.

Бр.09–3933/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево " бр.04/03, бр.08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Василево врши оттуѓување на движни ствари - 11 (единаесет) столови и 1(едно) биро, во сопственост на општина Василево.

Член 2

Оттуѓувањето на движните ствари - 11 (единаесет) столови со инвентарен број 0285, 0471, 0471, 0472, 0473, 0474, 0475, 0476, 0477, 0478, 0479 и 0480 се врши со пренесување на сопственоста и владението и тоа на 1 (еден) стол на ООУ ,,Атанас Нивичански,, Нова Маала – ПУ Чанаклија и 10 (десет) на пензионерскиот дом во с.Ангелци.

Столовите кои се отуѓуваат на пензионерскиот дом во с.Ангелци се дадени на трајно користење од Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи.

Оттуѓувањето на движните ствари - 1(едно) биро со инвентарен број 0037 од пописната листа на општина Василево за 2015 година се врши со пренесување на сопственоста и владението и тоа на ООУ ,,Атанас Нивичански,, Нова Маала – ПУ Чанаклија.

Член 3

Вредноста на 1(еден) стол изнесува 0 денари , при што ООУ ,,Атанас Нивичански,, Нова Маала – ПУ Чанаклија и пензионерскиот дом во с.Ангелци се обврзани кон нив да се однесуват како добри домаќини.

Вредноста на 1(еден) биро изнесува 0 денари , при што ООУ ,,Атанас Нивичански,, Нова Маала – ПУ Чанаклија се обврзани кон нив да се однесуват како добри домаќини.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Василево”.

Бр.08-3933/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за неодобрување на финансиски средства за Здружението ,, Басмак,, од с.Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година

Бр.09–3934/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) член 20 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница одржана на ден 07.12.2015 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
за неодобрување на финансиски средства за Здружението ,, Басмак,, од с.Василево

Член 1
Со овој Заклучок не се одобруваат финансиски средства за Здружението ,, Басмак,, од с.Василево.

Член 2
Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Василево"

Бр.08-3934/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Програмата на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година.

Бр.09–3935/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) член 20 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница одржана на ден 07.12.2015 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
за прифаќање на Програмата на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Василево

Член 1
Со овој Заклучок се прифаќа Програмата на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Василево.

Член 2
Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Василево"

Бр.08-3635/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за Стојан Јованов од с.Градошорци, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 07.12.2015 година.

Бр.09–3935/2 Општина Василево
09.12.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево " бр.04/03,08/06, и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 07.12.2015 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
за одобрување на финансиски средства на Стојан Јованов од с.Градошорци

член 1
Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 15.000,00 денари на Стојан Јованов од с.Градошорци.

член 2
Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на Стојан Јованов од с.Градошорци за реновирање на опожарениот помошен објект кој што беше зафатен со пожар.

член3
Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2015 година

член 4
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.08-3936/1 Совет на општина Василево
09.12.2015г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки - Пречистен текст(„Службен весник на РМ„ бр.27/15), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ„ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.20/2015**
**за потреба од јавна набавка**

Член 1
Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка - набавка на изградба на улица во с.Нова Маала кај црквата, изградба на улица 1 во с.Градошорци, изградба на улица 2 во с.Градошорци и плато пред школо во нова Маала.

Член 2
Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки - Пречистен текст(„Службен весник на РМ„ бр.27/15).

Член 3
Проценетата вредност на набавката е 3.186.000,00 денари со ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Цена 100 бода

Член 5

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

